

Изложби

# Побогато од минатите години

## Студенти на Факултетот за ликовни уметности, Сули ан, 31—V—15—VI—84

На Факултетот за ликовни уметности — Скопје, како и секоја година така и во оваа, четврта по ред, беше отворена студентската годишна изложба. Оваа година излезе првата генерација апсолвенти, а со тоа новите надежи и новите проблеми за македонската ликовна уметност. Треба да се нагласи дека, почнувајќи од годинава со првата генерација дипломирани ликовни уметници, без конкуренција сите стануваат членови на ДЛУМ, така што на тој начин им се пружаат значителни олеснителни околности, но од друга страна, веројатно дополнителни тешкотии за ДЛУМ. Исто така од годинава на ФЛУ стана практика на секоја нова генерација апсолвенти да се доделуваат на 4 најдобри студенти (од секој отсек по еден) да се доделува по една парична награда, што значи извесен стимуланс за следните генерации што доаѓаат. Годинешни добитници на наградите се: Ѓеорѓиев Станко — отсек сликарство, Павлески Станко — отсек скулптура, Бојаров Љупчо — отсек сликарство и Вујисиќ Мирко — отсек графика.

Изложбава за разлика од минатите години, нуди побогат и поразновиден изложбен материјал. Освен класичните медиуми, сликарство, скулптура, графика застапен е и дизајнот. Пред отворањето на изложбата во нејзиниот состав беше вклучено и одржување на модна ревија со креации на студентите од III и IV година по предметот модно креирање под раководство на модната креаторка Драгица Спајиќ, а во реализација на Тетекс — Тетово.

Студентите од отсекот сликарство освен што излагаат слики, застапени се и сликарските техники (фрески и мозаик).

На отсекот вајарство, скулптурите се изработени во различни материјали, дрво, метал, гипс, мермер, потоа комбинации со два или повеќе материјали воглавно ослободени од академизмот. На графичкиот отсек застапени се: опрема на книги, плакатот, анимираниот и цртаниот филм. Исто така по предметот театарска сценографија изработени се неколку проекта, потоа застапена е керамиката и за прв пат стаклото изработено од студентите на III г. отсек скулптура, чии проекти беа реализирани во соработка со Стаклара од Скопје. Во еден ваков просторно ограничен текст, апсурдно е да се споменат имињата на сите студенти, затоа ќе се обидеме да ги издвоиме најинтересните. На отсекот скулптура се чувствува пулсирањето на различни сензибилитети кои се воглавно ослободени од академските рамки. Тоа се чувствува дури и кај студентите од II г.

Апсолвентот Павлески Станко има изработено цела серија на метални спирални композиции во кои јасно се согледува процесот на неговото рационално, размислување. Го интересира проблемот на просторот, околу и во самата скулптура, ритамот, линијата, односот меѓу светлоста, и сенката, како и сите можни проблеми кои му ги наметнува самиот материјал. Исто така интересни се скулптурите на Рамичевиќ Исмет, како и на Димовски Анѓеле чиј проект за фонтана го одликуваат меките, аморфни форми на кои им пристапил аналитички, така што може да се следи генезата на неговата мисла. На отсекот графика, вон етаблираните рамки, излегува на површина, хиперинтелектуалната личност на апсолвентот Ацо Станковски, кој нуди поливалентни и сосема дивергентни, инвентивни ликовни решенија. Безгрижните игри со неисцрпна фантазија, стануваат индикатори на неговите сериозни, свечени и секогаш нови, непредвидливи визуелни сензации. Со една техничка прецизност и мекост Вујисиќ Мирко ги гради графичките преливи на формите во своите композиции.

Интересен е исто така студентот Игор Тошевски I г. графика, кој со редуциран ликовен говор, со едно интелигено, убедливо филмско кадрирање ни пренесува една состојба од реалноста. Бојаров Љупчо низ експресивни динамични потези со експлозивни бои и симултани односи ги гради своите импресии. Данчо К'лчев суптилно, нанесувајќи слој по слој ги ткае префинетите портрети. Станко Георгив низ широките нервозни потези ја истура психичката енергија врз бојата.

Конча Пирковска



Станко Павлески: Спирална композиција

јуни '84
Просветно дело